РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-3389/2
04-02-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 60-та седница, прво продолжение, одржано на 31.01.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 09-3389/1 од 30.09.2020 година, против -----------, професор на --------- на -------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај од причина што не е утврдена повреда на одредбите од истиот закон.

Предметот со број 09-3389/1 од 30.09.2020 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 30.09.2020 година, поднесена е пријава против -------------, професор на ------------ на ---------- и оформен е предмет 09-3389/1 од 14.04.2021 година.

Во пријавата подносителот наведува дека лицето ---------- истовремено е шеф на докторски студии на ----------- и член на одбор за -----------, сметајќи дека тоа претставува состојба на судир на интереси.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во конкретниот случај не може да се покрене постапка за утврдување на состојба на судир на интереси согласно член 76 став 1 од ЗСКСИ, односно не постои забрана во истиот закон, за горенаведената состојба.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК,
Изготвил: С.М -виш соработник
Контролирал: К.З- раководител
Одобрил: Г.Т – член на ДКСК